CIVICA MOBILITAS

# ГЛАВНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС 2019-2023

*CITIZENS FOR CHANGE!*

WWW.CIVICAMOBILITAS.MK

WWW.FACEBOOK.COM/CIVICAMOBILITAS

## ГЛАВНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС 2019-2023

**Издавач**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот**

Александар Кржаловски, Директор

**Подготовка и дизајн**

Борис Ристовски

https://civicamobilitas.mk
https://facebook.com/civicamobilitas

**Благодарност**

Им благодариме на одговорните и тимовите во организациите кои ги спроведоа овие грантови и ги подготвија извештаите кои беа основа за создавање на оваа публикација.

**Македонски центар за меѓународна соработка**

*Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение*

*Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.*

*Издавањето на оваа публикација е овозможено од Цивика мобилитас, проект на Владата на Швајцарија кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.*

*Текстовите објавени во оваа публикација ги изразуваат погледите на тимот на Цивика мобилитас, и/или организациите кои придонесоа кон нив, но не оние на Владата на Швајцарија или оние на организациите спроведувачи: НИРАС, МЦМС или ФЦГ.*

# СОДРЖИНА


**ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ** 4

**НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ** 5

**РАСТЕЧКАТА СИЛА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИ** 6

СУДБИНАТА НА МЛАДИТЕ КАКО ПАРАДИГМА ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ДРЖАВАТА 7

МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ 8

РОДОВО ЧУВСТВИТЕЛНИ ПОЛИТИКИ 9

ЕУ ИНТЕГРАЦИИ 10

ТРАНСПАРЕНТНОСТА КАКО БРАНА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА 11

НЕЗАВИСНИ МЕДИУМИ ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ И ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ 12

ЧОВЕКОВИ ПРАВА И БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА 13

ПРАВА НА ЖИВОТНИТЕ 15

ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ 16

ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА 18

ДОНАТОРСТВО/ ФИЛАНТРОПИЈА 20

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА 21

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 22

ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ 25

ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО 26

ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО 27

# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

Од самиот почеток на своето постоење во 2009 година, програмата **Civica Mobilitas**, креирана и поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), односно Швајцарската амбасада во Северна Македонија, зазеде многу значајно место во сферата на развој на граѓанското општество.

Од почетокот на програмата во 2009 досега (2023 година), Швајцарија инвестира околу 20 милиони швајцарски франци за поддршка на граѓанските организации (ГО) во земјата.

Досега 324 ГО добиле 463 грантови во најразлични области, почнувајќи од поддршка на доброто владеење, заштита на животната средина, родовата еднаквост, човековите права, правата на животните, здравствената заштита, работничките права, слободата на изразување и развој на медиумите, етиката во јавната комуникација, фер и слободни избори, транспарентни јавни набавки, образованието, културата и многу други теми и области.

Во оваа ретроспектива треба да ги споменеме и некои настани организирани од грантисти на Civica Mobilitas кои доведоа до значајни промени во политичката и општествената реалност на земјата.

Меѓу овие настани секако еден од најзначајните е **Шарената револуција**, кој предизвика серија граѓански протести кои доведоа до промена на власта. Подготовката на **„Blueprint“ за итни демократски реформи** во кои од 9 организации учеснички, 6 од нив беа грантисти на нашата програма, предложи мерки кои претставуваат значаен придонес кон приближувањето на земјата кон членство во ЕУ.

Националната коалиција за родова еднаквост, со вклучување голем број организации за родова еднаквост и женски права, го иницираа усвојувањето, односно ратификацијата на **Конвенцијата за спречување и борба против насилството кон жените и домашното насилство** (Истанбулска конвенција).

На овој список би можеле да се додадат уште многу достигнувања на ГО поддржани од нашата програма, со што се потврдува оправданоста на оваа голема поддршка кон граѓанското општество.

# НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Една од најважните научени лекции од претходната фаза на **Civica Mobilitas** е дека соработката помеѓу ГО носи додадена вредност кон постигнувањата на грантистите.

Имено, со креирање **критична маса на ГО** се воочува зголемено влијание на граѓанскиот сектор и нивно вклучување во конкретни активности поврзани со функционирањето на институциите на државата, со што се отвора можност за влијание и решавање на проблемите според вистинските потреби и очекувања на граѓаните.

Ова беше и една од главните причини програмата **Civica Mobilitas** да оди чекор понатаму со промовирање на новиот пристап на поддршка на ГО, односно преку поддршка на **проектни партнерства** на повеќе граѓански организации кои дејствуваат преку здружување на ресурсите и меѓусебна соработка.

На овој начин не само што се зголемува потенцијалот за спроведување поамбициозни проекти, туку преку меѓусебна размена на искуства се зголемуваат и потенцијалите на поединечните организации и во исто време се создаваат нови коалиции кои носат нов квалитет во развојот на граѓанскиот сектор во земјата.

# РАСТЕЧКАТА СИЛА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИ

Од почетокот на своето постоење, пред четиринаесет години, Civica Mobilitas се потврди како лидер во поддршката на граѓанскиот сектор, но уште позначајно е што поддршката не беше само финансиска преку доделување грантови, туку и преку „софт компонентата“, односно поддршка во развојот на капацитетите на граѓанските организации.

Резултатите од оваа поддршка веќе ги гледаме во секојдневниот живот преку опипливата сила на граѓанските организации во сите сфери на животот. Така беше и во изминатите речиси пет години, колку што трае оваа фаза на Civica Mobilitas во чии рамки беа поддржани 140 проектни активности во сите заедници во државата.

Би било речиси невозможно да се прикажат сите постигнувања кои се остварени со вашите напори, но преку илустрација на некои поединечни примери ќе се обидеме да го расветлиме сето она што граѓанските организации го прават, а во голем дел останува недоволно презентирано пред јавноста.

Постигнувањата на поединечните ГО се однесуваат на конкретни активности и се со ограничен радиус, но гледано од поширока перспектива, односно нашата синтеза покажува дека сите тие заедно придонесуваат многу повеќе отколку што се чини на прв поглед.

Исто така е важно да се напомене дека покрај главниот фокус на нивната поединечна акција, сите грантисти, без исключок, придонесуваат за поголем број теми и т.н. „cross cutting issues“, како што се доброто владеење во поширока смисла на зборот, но и поконкретно за родовата рамноправност, човековите права и антидискриминација, борбата против корупцијата, слободата на изразување и слободата на говор, граѓанското учество во креирање политики итн.

# СУДБИНАТА НА МЛАДИТЕ КАКО ПАРАДИГМА ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ДРЖАВАТА

**ДИЈАЛОГ, ЦЕНТАР ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА** организира истражување за причините кои доведуваат до иселување и организираа семинар за 30 учесници за начините за вклученост на граѓаните во креирање јавни политики на локално ниво, што претставува можност да се развие желба за учество во креирање локални политики како средство за обезбедување услови за подобар живот и подобра перспектива за младите.

**ЦЕНТАРОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗИ НОВУС** организира обуки за млади учесници и привлече над 100 млади луѓе да се вклучат во нивните активности. Тие исто така воспостави соработка со три средни училишта и десет ГО.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ АН БЛОК** организира работилници со цел намалување на насилството меѓу младите преку нивно вклучување во волонтерски активности. Тие вклучија околу 100 средношколци кои волонтираа наменети за корисниците на ЈУ Детски дом „11 Октомври", со што придонесоа за подобрување на животот на оваа загрозена категорија деца, што секако претставува значајно достигнување.

**ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ДОМУВАЊЕ И СТАНАРИ** обработи една многу важна тема поврзана со младите, а тоа е домувањето, што секако претставува една од причините за иселувањето. Со оваа акција на младите им се овозможува пристап до информации во врска со домувањето што може да им помогне во решавање на овој исклучително важен фактор за планирање на нивната иднина во земјава.

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ РУБИКОН** обработи една исто така голем проблем, а тоа е поддршка на деца и млади кои доаѓаат во конфликт со законот. Покрај помошта за младите, проектот им помогна и на родителите и на роднините да научат нови вештини како да комуницираат со оваа категорија млади со цел тие да ја надминат таа фаза од животот и да се интегрираат подобро.

**ЗДРУЖЕНИЕТО БИДИ ХРАБРА** третира една опасна појава, како што е „булингот" во училиштата, но исто така и на социјалните мрежи. „Биди храбра" организира 56 различни работилници на 6 различни теми поврзани со спречување на булингот, насилството меѓу младите, но и за тоа како да се градат пријателства, емпатија и сл.

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ НА ГРАД СКОПЈЕ** третира една релативно нова зависност која е во пораст, а тоа е коцкањето, односно обложувањето. Значајно е што покрај другото, овој проект отвори бесплатна телефонска линија која може да им помогне на младите, но и на нивните родители и роднини.

**АССОЦИЈАЦИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТСКА ИНИЦИЈАТИВА, АДИ** организира воспоставување 4 локални мрежи за мултикултурни политики со вкупно 34 члена кои претставуваат рамка за дијалог и соработка помеѓу локалните власти и граѓанскиот сектор. Целта на овие мрежи е да се обезбеди дека локалните политики го одразуваат мултиетничкиот и мултикултурниот контекст, како начин на поефикасна интеграција на различните заедници. АДИ исто така креира Индекс за следење на степенот на почитување на интегративните политики во етнички мешаните средини.

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НЕКСУС** организира обука на околу 150 млади од Струга и од Скопје за тоа како да ги искористат позитивните страни на мултикултурализмот и како да се спречи радикализацијата. Овој проект исто така спроведе и истражување за идентификација на факторите кои влијаат врз насилство на спортските терени.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ИНКЛУЗИЈА** организира повеќе работилници за над 150 млади, средношколци и студенти, организации на жени, како и претставници на партиски подмладоци со цел да се едуцираат младите за надминување на предрасудите и стереотипите кои ѝ наштетуваат на интеграцијата на заедниците. „Инклузија“ исто така организира и мултикултурен камп и екскурзија за посета на културни и историски обележја со цел подобро запознавање на различните заедници.

**ЗДРУЖЕНИЕТО МИРОВНА АКЦИЈА** иницира дијалог за градење доверба помеѓу наставниците поврзано со контроверзните теми од втората половина на XX век. Ова здружение успеа да изгради стратешко партнерство со Асоцијацијата на наставниците по историја од Северна Македонија. Во склоп на проектот беше креиран и Прирачникот за воннаставни активности по историја и други активности кои придонесуваат за надминување на поделбите предизвикани од начинот на толкување на историјата.

**ЗДРУЖЕНИЕТО НОВА ЅВЕЗДА** им посвети внимание на децата од руралните средини и организира активности за подобро запознавање на учениците од македонската и од турската заедница. Тие организираа ликовен хепенинг, како и 4 работилници во кои ги вклучија и родителите. Активностите се одвиваа во време на кризата ос ковид и тоа беше причина проектот да ја вклучи и оваа димензија.

**ЗДРУЖЕНИЕТО АЛ-МА** организира театарска претстава за 60 деца од македонска и од албанска етничка заедница, како и ликовна колонија за 58 деца со цел нивно запознавање преку уметноста. АЛ-МА исто така организира 4 акции за чистење со учество на 120 деца, како и 3 работилници со цел запознавање на културата на нивните сограѓани на кои учествуваа околу 100 ученици.

# РОДОВО ЧУВСТВИТЕЛНИ ПОЛИТИКИ

**АКЦИЈА ЗДРУЖЕНСКА** спроведе истражување за процена на потребите за градење родово чувствителни политики за општествена, постковид резилиентност и закрепнување и врз основа на резултатите, разви препораки за посочување на откриените проблеми и слабости. Оваа организација иницира и формирање локален сојуз за координација, мобилизација и застапување од страна на 15 жени од рурални средини со првенствена цел надминување на социјалното исклучување.

**ЕДНА МОЖЕ** го организира првиот протестен марш посветен на самохраните семејства. „Една може" исто така иницира формирање сојуз на здруженија „ЈунајтедФем", кои покрај грижата за еднородителските семејства, ќе ја промовираат родовата еднаквост, борбата против насилството и дискриминацијата. Во рамките на овој проект беше формирано и здружението „ГоуФем", кое се залага за слични цели во руралните средини, додека „АртФем" ќе им помага на жените во сферата на креативно изразување.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНСКАТА АКТИВНОСТ ТИИИИТ** го обелодени фактот дека менструалната сиромаштија претставува реален проблем за секоја трета жена во нашата земја. Студијата на оваа организација насловена како „Менструална правда", резултира со отворање комуникациски канали со релевантни институции, а еден од значајните ефекти на овој проект е што градот Скопје издвои 2.000.000 денари од буџетот за 2022 за обезбедување средства за менструална хигиена во средните училишта.

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА РОМИТЕ ЧЕРЕЊА** организира тренинг за 60 жени Ромки за тоа како да се справат со семејното насилство. Оваа организација иницира истражување со цел согледување на сразмерот на семејното насилство во ромската заедница на која учествуваа 150 жени. Исто така беше изработен и видеоспот за зголемување на свеста за овој проблем. Нивната активност резултира со издвојување 100.000 денари од буџетот на општина Штип за заштита од дискриминација, што секако зборува за позитивниот ефект на ваквите иницијативи.

**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ** се залагаше за зголемување на бројот на волонтери во организациите членки на мрежата, како и за јакнење на капацитетите на ГО посветени на родовата рамноправност.

**ЗДРУЖЕНИЕТО МРЕЖА СТЕЛА** се фокусира на економското јакнење на девојките и жените во руралните средини. Над 100 жени добија прилика преку оваа организација да се запознаат со најновите трендови во индустриите и пазарот на труд. Некои од нивните активност без организирани во соработка со Министерството за труд и социјална политика.

**ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЖЕНИТЕ ЛОЗОВО** организира серија анкети и јавни дебати со цел зајакнување на економско-социјалните права на текстилните работници и нивната заштита. Преку овој проект текстилните работници беа поблиску запознаени со нивните права, но и за начините како да се изборат за своите права во случаите кога работодавачите не ги почитуваат колективните договори.

**ГРАЃАНСКИ КОНЦЕПТ НЕКСУС** ја актуелизира улогата на жените во зачувувањето на мирот и безбедноста. НЕКСУС организира конференција на темата „Улогата на жените во зачувувањето на мирот и безбедноста: Резолуција 1325, основа за акција", на која учествуваа претставници од Северна Македонија, од Србија, од Албанија, од БиХ и од Косово.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ПОДДРШКА НА ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ И ПОТЕНЦИЈАЛНИ РАНЛИВИ ГРУПИ ЖРТВА ОД ОХРИД** преку проектот „Рехабилитација на жените затворенички", им овозможи на 52 жени затворенички во КПД Идризово да ја подобрат својата психофизичка состојба. Повеќе од 93% од учесничките на тренинзите организирани од оваа организација изразија увереност дека стекнатите знаења ќе им помогнат за полесна ресоцијализација. Во проектот учествуваа и 26 волонтери од Факултетот за безбедност, со што добија можност за практична примена на нивните знаења, но и да научат повеќе за проблемите на жените затворенички.

## ЕУ ИНТЕГРАЦИИ

**ИНСТИТУТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ** направи анализа во врска со поларизацијата во општеството која покажа дека поларизирачкиот дискурс има силна афективна компонента која влијае врз постоењето страв, гнев, омраза и срам кои го обликуваат и јавниот говор. Оваа поделеност на општеството кое граничи со широко распространет говор на омраза секако не оди во прилог кон приближување на политичките ставови кои се неопходни не само за внатрешните политички процеси, туку имаат големи реперкусии и за отворањето на вратите за почеток на проговорите со ЕУ. Институтот организира серија работилници со цел создавање натпартиски алијанси, како и промоција на модел за деполаризација со цел надминување на поделбите.

**ИНСТИТУТОТ ЗА ЕВРОПСКИ ПОЛИТИКИ** вложи големи напори за создавање простор за дискусија на јавните политики помеѓу ГО, извршната власт и правосудните органи и организира преку 70 јавни настани и настани од затворен карактер со повеќе од 2.000 учесници. Тие исто така ги објавија и редовните годишни анализи на извештајот на Европската комисија, како и годишни извештаи во сенка на поглавјето 23 - правосудство и основни човекови права. Овој институт исто така објави 115 публикации со цел промоција и приближување на ЕУ до граѓаните и институциите.

**ЦЕНТАРОТ ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ОД ГЕВГЕЛИЈА** беше фокусиран на поглавјето 27 во преговорите со ЕУ кое се однесува на животната средина. Оваа организација работеше активно на формирање на Платформа 27, која е неформална мрежа составена од 24 граѓански организации кои се активни во областа на животната средина и климатските промени. Покрај другото, го изработија и првиот Извештај во сенка за поглавјето 27 - животна средина и климатски промени.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТА КАКО БРАНА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**ЦЕНТАРОТ ЗА ГРАЃАНСКИ КОМУНИКАЦИИ** е една од организациите која стана симбол на оваа борба и имаше директно влијание врз подобрувањето на транспарентноста на државните институции. На иницијатива на оваа организација, Владата ги задолжи сите институции да ги објават на своите веб-страници информациите за јавни набавки. Предлозите на ЦГК веќе се дел од владините мерки за спречување на корупцијата, а во исто време и нејзините предлози против партизација на државните претпријатија се вклучени во Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија. Сето ова и многу други активности на ЦГК се истовремено и во прилог на евроинтеграцискиот процес.

**КОАЛИЦИЈАТА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ** презентира анализа за влијанието на мерит-системот врз судската независност и професионалност, со што даде значаен придонес кон зајакнување на довербата во Судскиот совет и генерално на судството кое ужива многу ниска доверба кај граѓаните. Оваа организација објави прирачници со цел граѓаните да имаат полесен пристап и на јасен и транспарентен начин да го следат текот на судските постапки. Значаен успех е и тоа што Коалицијата оствари соработка со Основниот кривичен суд во Скопје и го иницира процесот на анонимизација на 1.622 судски пресуди кои се објавени на веб-страницата на судот.

**ЦЕНТАРОТ ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ ОД БИТОЛА** се заложи за зголемување на отчетното работење на безбедносните служби преку надгледување на граѓанските организации, паралелно со цивилниот надзор. Центарот придонесе кон подобрување на вештините на 16 претставници на граѓанскиот сектор за подобро следење на безбедносните прашања.

**ФАЈНАНС ТИНК (FINANCE THINK)** ја изработи публикацијата „Може ли економијата да ги издржи економските предизборни ветувања“, со што даде значаен придонес кон транспарентноста на изборните програми на политичките партии со што граѓаните добиваат можност да ги проценат вообичаено нереалните изборни ветувања.

**ПРАВЕДНИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ** посвети внимание на нетранспарентната евиденција на обемниот државен имот кој во еден дел се објекти кои се препуштени на забот на времето, а други се користат, но нема евиденција за нивното постоење, што отвора можност за коруптивни дејства. Во соработка со Генералниот секретаријат на Владата, оваа организација иницира креирање единствен регистер на недвижностите во државна сопственост.

**ЗДРУЖЕНИЕТО БАЗИЛИКА** ја отвори темата на давање подароци на јавните службеници преку обработка и анализа на законите и подзаконските акти кои упатуваат на недозволивоста на примањето подароци. Целта на оваа акција беше да се регулира прашањето на примање подароци од страна на јавните службеници.

## НЕЗАВИСНИ МЕДИУМИ ПРОТИВ ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ И ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ

**ЦИВИЛ – ЦЕНТАР ЗА СЛОБОДА** водеше континуирана борба против дезинформациите преку Цивил медиа со тријазична медиумска платформа која ја следат над 40.000 лица и објави повеќе од 2.500 содржини во текстуален и видеоформат. Цивил активно учествуваше во надгледувањето на изборните процеси, а за време на пописот на населението кој беше проследен со големи тензии и контроверзии, оваа организација објави над 500 содржини во функција на разобличување на дезинформациите. „Цивил“ исто така вклучи над 300 јавни личности во промоција на мултикултурализмот како реакција на зголемените поделби по етничка линија.

**ЦЕНТАРОТ ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО – СКУП** сними серија документарни филмови со актуелни теми важни за секојдневниот живот на граѓаните и во исто време придонесе за борба против дезинформациите: Ковид 19, мерки и вакцинација; Свиркачи; Загадување на воздухот; Напад врз новинарите; Растот на цените и животниот стандард; Фемицид. Преку независен пристап кон реализација на овие теми и емитувањето на документарците во неколку земји од регионот, Скуп пополни една информативна празнина и иницира соработка со медиуми од регионот.

**СОВЕТОТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ – СЕММ** беше ангажиран во секојдневна борба за почитување на професионалниот кодекс и етика во медиумите и формира регистар на професионални 156 онлајн медиуми со што овозможи нивна вклученост во процесот на саморегулација. СЕММ се воздигна во препознатлива адреса за консултации во случаи на појава на дезинформации или говор на омраза и е активно вклучен во медиумска писменост како превенција против ширењето лажни вести.

**ОНЛИМИТ МЕДИА** беше активно вклучен во формирање на мрежата на професионални онлајн медиуми. Исто така ОНЛИМИТ креира билингвална медиумска платформа „ЗООМ“, со цел да се спречи медиумската јазична паралелност, а исто така беше активен и во следењето на лажните вести и на злоупотребата на онлајн медиумскиот простор.

**МАКЕДОНСКИОТ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ – МИМ**, заедно со Националниот совет на инвалидските организации на Македонја (НСИОМ), презедоа низа акции со цел надминување на предрасудите на лицата со попреченост. Ја подобрија соработката помеѓу ГО кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост, новинарите и надлежните институции. Ги зајакнаа вештините на 9 новинари за практикување инклузивно новинарство и спроведоа кампања за подобрување на перцепцијата, за правата и можностите на лицата со попреченост во заедницата.

**ПИНА – ПЛАТФОРМА ЗА ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО И АНАЛИЗИ** се ангажира за зајакнување на улогата на жените во новинарството и организира обуки за 20 млади новинарки. Во рамките на проектот беа изработени 35 медиумски производи кои беа објавени на платформата на ПИНА.

## ЧОВЕКОВИ ПРАВА И БОРБА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

**ХЕЛСИНШКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА** направи истражување за тоа колку маргинализираните заедници се запознаени со Законот за заштита од дискриминација и обезбеди бесплатна правна помош за 206 различни клиенти, од кои 140 корисници на droги и 66 сексуални работници. Хелсиншкиот комитет исто така ја отвори темата на интерсекциска дискриминација, бидејќи преку нивната активност на терен заклучија дека луѓето од овие заедници многу често се дискриминирани по повеќе основи. Оваа организација даде околу 900 бесплатни правни совети за дискриминација и интерсекциска дискриминација.

**ЗЕЛЕНА ЛУПА** иницира формирање локално координативно тело во општина Струмица за поддршка на 77 осудени лица по завршувањето на казната. „Зелена лупа“ организира три работилници посветени на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на овие лица и за нивна помош при вработување и иницира формирање коалиција на 9 ГО кои ќе соработуваат за оваа цел.

**ЛГБТ ЈУНАЈТЕД ТЕТОВО** беше ангажирана на зголемување на нивната видливост и охрабрување на нивните конституенти да го посетат центарот на ЛГБТ ЈУНАЈТЕД, при што од 20 посетители месечно тој број порасна на 50 посетители кои повеќе пати го посетиле овој центар. Оваа организација исто така лобираше за донесување на законот за спречување и заштита од дискриминација со што секој поединец ќе може да ги оствари своите права и слободи, без оглед на нивната припадност и сексуална ориентација и родов идентитет.

**РОМСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА ЖЕНИ И МЛАДИ - ЛУЛУДИ** основа советодавен-правен центар при ЛУЛУДИ наменет за жртвите на семејното насилство, дискриминација и социјално загрозени лица. Оваа организација е исто така активна и во борбата против родово базираното насилство и беше вклучена во неформалната мрежа на организации кои соработуваат во истражување, надгледување и застапување на правата на жената Ромка.

**АСОЦИЈАЦИЈАТА ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОЦИЈАЛНА ПРОМЕНА – ИНСОК** иницира формирање мрежа на ГО за застапување и интеграција на Ромите. На иницијатива на ИНСОК, Собранието на РСМ ја формира Интерпартиската парламентарна група (ИППГ) за поддршка на правата на Ромите и нивна интеграција во РСМ.

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЛЕГИС** го следеше пристапот до правата на бегалците и мигрантите за време на големата бегалска криза во 2020-тата. Покрај апелите за хуманост, Легис се залагаше за почитување на човековите права на бегалците и мигрантите кои транзитираа низ РСМ и подготви повеќе извештаи за состојбата во бегалските кампови со цел подигање на јавната свест за нивните проблеми.

**ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ НАДЕЖ** организира едукативно-информативни активност за над 220 лица, жени Ромки и членови на нивните семејства, со цел заштита на правото на слободен избор при гласање. НАДЕЖ продуцира и три видеа со цел подигање на свеста за важноста на оваа тема.

**ЗДРУЖЕНИЕТО РОМАНО ЧАЧИПЕ** го расветли влијанието на недоволното познавање на правата за здравствена и социјална заштита, како и можностите за вработување како причина за миграцијата на Ромите од општина Шуто Оризари. ЧАЧИПЕ изработи и едукативен материјал со цел да се зголеми свеста за оваа појава.

**ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ** го иницира реактивирањето на Македонската коалиција за правата на детето и го поднесе до Комитетот за правата на детето при ООН Алтернативниот извештај, а ГО за состојбата со правата на детето во РСМ. Меѓаши учествуваше во работата на Комисијата за донесувањето на Законот за правда на децата и во донесувањето на Националната стратегија 2020-2025 и акцискиот план за истиот период за борба против насилство врз децата.

**СОВЕТОТ ЗА ПРЕВЕНТИВА НА МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА - КАВАДАРЦИ** ја изработи Националната стратегија за превенција и правда за децата 2020-2027 која треба да обезбеди трајни подобрувања во системот за правда за децата. Оваа стратегија предлага активности кои треба да обезбедат позитивни промени за децата кои дошле во судир со законот. Советот исто така соработува со УНИЦЕФ и со Министерството за правда со цел обезбедување права за децата кои издржуваат воспитни мерки во поправни домови.

**МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО** изработи анализа за идентификација на ризиците за детско престапништво во скопскиот, во југозападниот, во полошкиот и во вардарскиот регион која покажа големи разлики во применетите мерки во различни градови. МПД изработи деловник за подобрување на работата на постоечките општински совети за спречување на детското престапништво со кој се уредува начинот на работата на советите.

**БРАВУРА КООПЕРАТИВА** го подготви Водичот за економско финансиска интеграција кој треба да им помогне на децата без родители и родителска грижа поуспешно економски да се осамостојат и да се интегрираат во економските и социјалните текови. Бравура кооператива организира три работилници кои открија дека постојат повеќе системски пропусти во третманот на децата без родители и формулирани се предлози и препораки кои би требало да се применат од страна на институциите со цел подобрување на состојбата.

## ПРАВА НА ЖИВОТНИТЕ

**ЕЈНЏЕЛКЕТС СКОПЈЕ** покрена иницијатива за вметнување на мачките во системот на заштита на бездомните животни. Ејнџелкетс обезбеди 80 куќарки изработени од 28 активисти и граѓани кои беа дел од работилницата за обезбедување засолниште за мачките. Тие организираа и јавна кампања за стерилизација на домашни  бездомни мачки, како и акции за нивно вдомување.

# ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ

**ФОРУМ-ЦСИД** иницира формирање мрежа на ГО за поддршка на локалните заедници наречена Мрежа заедница, во која се вклучија 7 ГО. ФОРУМ им помогна на две општини да изработат стратегии за соработка со граѓанскиот сектор, што означува почеток на подобро разбирање на предностите што оваа соработка ја носи за општините и за граѓаните. ФОРУМ ја иницира и формира Платформата за иновации во органското земјоделство во која членуваат ГО од соседните земји со што се отвораат нови можност за развој на локалните заедници.

**ЗДРУЖЕНИЕТО КУЛТ-ТРАНЗЕН** придонесе за децентрализација на културата преку организирање културни настани во малите средини, како што се театарски претстави, изложби, издавање книги итн. КУЛТ-ТРАНЗЕН направи анализа на степенот на реализација на државната стратегија за култура и даде свои препораки за креирање на локалните културни политики.

**НВО ИНФОЦЕНТАР** отвори важна тема во сферата на локалната власт, како што е инспекцискиот надзор кој страда од недостаток на човечки ресурси во сите 8 плански региони. На јавна дебата и онлајн анкета, 97 локални инспектори беа едногласни дека е време за измени и дополнувања на Законот за инспекциски надзор и побараа да бидат вклучени во процесот на овие измени.

**ЖЕНСКАТА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА АНТИКО** спроведе две теренски истражувања за функционирањето на општините и ја подготви публикацијата „Соработка на општините со граѓаните и ГО". АНТИКО организира серија обуки преку кои 64 претставници на ГО и од локалната власт ги зајакнаа капацитетие за учество во креирање родово одговорни политики.

**БАГЕР ГЕНЕЗИС 2.0** го третира проблемот со диоградбите во Струга, кои претставуваат сериозен проблем и во целата држава. Преку обуки за графички дизајн, постери и видеопродукција, оваа организација го приближи проблемот на дивоградбите до пошироката публика во својата локална средина.

**РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ - КРАТОВО** се осврна на недостатокот на транспарентност  на општините во североисточниот регион, особено кога е во прашање буџетот и го отвори прашањето на граѓанското учество во донесувањето одлуки на локално ниво.

**ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛЕШНИКАРИТЕ ЕКО ЛЕШНИК ОД С. ДРАСЛАЈЦА, СТРУГА**, фокусот го стави на потребата од поактивно организирање на граѓаните во локалните средини и нивно учество во донесувањето одлуки. Оваа организација одржа обуки за 153 учесници за важноста на граѓанскиот активизам во локални средини.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕКОЛОГИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И СПОРТОТ, РОСТУШЕ**, го третира проблемот со емиграцијата во нивниот крај и во исто време ги презентира можностите за локален развој и вработување во областа на туризмот. Во овој контекст беше формиран „Младинскиот центар за развој на младите“ во овој регион и организира серија обуки за развој на екотуризам.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО, КРУШЕВО**, едуцира 32 членки на Платформата за развој на туризмот во Крушево и организира 2 волонтерски акции за чистење на дел од градот со што придонесе за подобрување на туристичката понуда, но и се промовира волонтерството. Ова здружение креира и 4 екотуристички услуги преку кои ќе се влијае на заштитата на животната средина како најзначаен адут на овој град.

**ДОБРОВОЛНОТО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО СВЕТИ НИКОЛЕ** се заложи за подобрување на состојбата со противпожарните друштва кои се соочуваат со големи предизвици и ги одреди капацитетите и потребите на овие друштва. Како резултат на овој проект формирана е неформална мрежа на доброволни противпожарни друштва со што се отвора можност за соработка и заеднички настап.

**ПРИМА ЦЕНТАР** ја актуелизира противпожарната заштита и организира едукативни презентации во неколку средни училишта со формирање ПП секции со повеќе од 150 ученици.

**ЦЕНТАРОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ, БОГДАНЦИ**, изработи мобилна апликација со цел поефикасна комуникација со општинската власт при решавање на локалните проблеми. Според оваа организација, нивните активности придонеле кон подобрување на односите со општината и преку „Рапортираме“, општината ги известува граѓаните за преземените активности, а платформата се користи и за многу други активности поврзани со потребите на граѓаните.

# ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

**ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ** ја користеше уметноста со цел да им помогне на зависниците од дроги во процесот на ресоцијализација и реинтеграција и во развивање работни навики. Учесниците беа мотивирани да креираат уметнички инсталации за мали групни домови со што се подобри нивната самодоверба и поголема видливост на лицата во социјален ризик. Креативните работилници организирани од ХОПС опфатија 57 деца и млади во социјален ризик.

**ПОЛИО ПЛУС** организира серија активности за зајакнување на капацитетите на Интерпартиската парламентарна група за промовирање и унапредување на правата на лицата со хендикеп. Полио плус организира три тридневни обуки за политичките партии со цел вклучување на лицата со хендикеп во политичкиот живот во кои зедоа учество 86 претставници на 7 политички партии.

**ХЕНДИКЕП ПЛУС** учествуваше во акција на зголемување на лицата со хендикеп во јавниот живот преку зајакнување на соработката со институциите на локално ниво, конкретно во североисточниот и во полошкиот регион. Оваа организација поднесе 21 препорака до овие два региони за подобрување на инфраструктурата за да се овозможи поголемо учество на лицата со хендикеп во јавниот живот.

**ЗГ НА ГРАЃАНИ ЗА БОРБА ПРОТИВ РАК – БОРКА** беше ангажирана на создавање алијанса на пациентски организации во која се вклучија 12 организации со цел застапување на пациентите и едукација на здравствениот систем во функција на подобра грижа за пациентите. Во соработка со Клиниката за онкологија и Црвениот крст беше спроведена акција за доставување таблетарна терапија за болните од рак во внатрешноста за повеќе од 50 пациенти. „Борка“ организира маршеви „Напред розово“, кој доби национален карактер.

**ЗАЕДНО ПОСИЛНИ** учествуваше во развивање на две национални упатства со кои се предвидува воведување нови услуги за превенција на ХИВ за сите граѓани што се изложени на ризик. Оваа организација учествуваше во консултации со Министерството за здравство и ГО за предлог-измени на Законот за здравствената заштита на лицата со ХИВ.

**СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА** сними и емитуваше 21 епизода од серијалот „Остануваме шампиони“, со цел да се поттикнат на физичка активност лицата со посебни потреби и нивна поголема инклузија во општеството, особено за време на пандемијата ковид 19, која ја засили таа изолација. На 70 атлети од Специјалната олимпијада од Скопје и од Тетово им беа поделени комплети со реквизити за вежбање дома.

**НАУЧНАТА ФОНДАЦИЈА СПИРОСКИ** ја иницира програмата за дарување срцевина со кој се подигнува свеста за дарување клетки, ткива и органи. Оваа активност резултира со пријавени 843 потенцијални дарители на матични клетки. Фондацијата Спироски организира 6 дарителски акции во Крушево, во Скопје и во Охрид и креира веб-страница со потребни информации за дарување срцевина.

**ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ДОЗА СРЕЌА** беше ангажирана за подобрување на секојдневниот живот и самодовербата на лицата со Даунов синдром, преку нивно вклучување во индивидуални групни третмани кои се спроведоа со физичко присуство или онлајн. Овие третмани резултираа со подобрување на вкупната состојба на овие лица вклучени во проектот.

**ЦЕНТАРОТ ЗА КРЕАТИВНИ КОМУНИКАЦИИ СКОПЈЕ** на креативен начин направи напори да допре до лицата со визуелна попреченост, користејќи ги брановите на „Урбан ФМ“ во Скопје. Преку овој проект, кој беше реализиран во соработка со Сојузот на слепите лица, беа емитувани 26 радиоемисии преку кои се слушнаа гласот и проблемите на лицата со визуелна попреченост со што се влијаеше и на преземање одредени конкретни активности за нивно адресирање.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ МИСЛА** беше ангажирано на подигнување на свеста за менталните болести, особено во периодот на пандемијата ковид 19, но и на економската и енергетската криза кога овие болести забележаа поголема зачестеност. Асоцијација „Мисла“ организира 18 сесии на групна психотерапија посетени од 234 лица и објави 602 совети и препораки преку фејсбук.

**СВЕТ НА РАЗЛИЧНИ, А ЕДНАКВИ**, го вклучи уметничкиот израз како средство на инклузија на лицата со попреченост од Интернатот за слабовидни и слепи лица „Димитар Влахов“ и Интернатот за лицата со интелектуална попреченост „Св. Наум Охридски“, при што бе создаден драмски инклузивен проект „Кум Теодос“.

**ДРУШТВОТО ЗА ПОМОШ НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ЗРАК** го третира проблемот на недоволната вклученост на лицата со посебни потреби и со цел надминување на оваа состојба иницира создавање на два клубови – за литературно творење и фотографија во кои 37 млади лица со и без попреченост стекнаа знаења за креативно изразување во форма на проза и фотографија кои беа објавени во заедничка збирка.

**МЛАДИ ЗА ЈАВЕН ИНТЕРЕС ДЕБАР** се ангажира на решавање на проблемот со недостаток на пристапни рампи до државните институции и други јавни објекти во Дебар и во Центар Жупа, што резултира со 6 рампи кои го олеснија движењето на лицата со попреченост и придонесоа за нивна поголема вклученост во јавниот живот.

**МЕЃУОПШТИНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ МОБИЛНОСТ (ВЕЛЕС, ГРАДСКО, ЧАШКА)** изработи прирачник за изработка на дидактички помагала од отпадни материјали при што 12 семејства беа обучени за изработка на дидактички помагала, а во исто време се зголеми свеста за заштита на животната средина. Со овој проект се поттикна развојот на визуелната и аудитивната перцепција кај децата со попреченост.

## ДОНАТОРСТВО/ ФИЛАНТРОПИЈА

**КОНЕКТ И 111** членки на Мрежата за финансиска одржливост застапуваат низа закони од интерес за граѓанскиот сектор и успеаја да го отворат процесот на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, со што ќе се олесни донирањето во ГО. Преку донаторски акции, „Конект“ обезбеди околу 900.000 денари за 6 внимателно одбрани ГО и покрена 4 иницијативи од кои собраа околу 15.000 евра со кои им помогнаа на голем број самохрани родители, деца од улица и жени од рурални средини.

**БАНКА ЗА ХРАНА** обезбеди 35 тони храна за 1.620 загрозени семејства во 20 општини во земјата. Ова беше постигнато на иницијатива на „Банка за храна“ која анимира 35 волонтери и над 18 партнерски организации кои се вклучија во оваа хумана акција. Со помош на „eCrowd“ акција, оваа организација му помогна на едно лице со физичка попреченост да добие шанса за самостоен живот во рамките на проектот „МОЈА фарма“.

**АЈДЕ МАКЕДОНИЈА** собра околу 60 тони храна која заврши во домовите на 350 социјално загрозени семејства. Ова беше остварено преку соработка со бизнис-секторот, локалните власти, како и соработката со граѓанскиот сектор. Покрај другото, „Ајде Македонија“ врши редистрибуција на вишоци храна за Дневниот центар за деца на улица од Шуто Оризари.

**ЛЕГИС** обезбеди курсеви за шиење за жени, обезбеди правна помош за 20 корисници на хуманитарна помош и обезбеди 300 пакети со храна за социјално загрозени семејства. „Легис“ обезбеди храна и хигиенски пакети за 4.000 мигранти или баратели на азил, како и за 200 лица од локалното население и ја формира неформалната мрежа за брза реакција во криза и сиромаштија „Прва“.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЉУБЕЗНОСТ** им обезбеди простор за домување на 14 бездомни семејства и обезбеди исплата на заостанати сметки за електрична енергија и вода на 143 социјално загрозени семејства. „Љубезност“ обезбеди и социјални услуги, правна и медицинска помош за 582 лица од ранливи категории на граѓани и обезбеди психо-социјална поддршка за над 1.000 семејства.

**КРИЗНИОТ ЦЕНТАР НАДЕЖ** обезбеди засолниште за 130 жртви на семејно насилство додека чекаа да бидат преземени од надлежните институции за понатамошна заштита, а во исто време обезбедија психо-социјална и правна помош за 301 лице. Центарот „Надеж“ организира 30 предавања, трибини и улични акции на кои учествуваа околу 800 лица, а преку СОС линијата и социјалните мрежи обезбедија поддршка за над 1.700 лица.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЦСИ ЛИНК** организира 3 работилници за млади и лица во социјален ризик со фокус на сајбер-насилството кое е сѐ позастапена кај младите. Преку интерактивни вежби, 20 ученици се запознаа со поимите на сајбер-насилство, како и со начините за соочување и надминување на истото.

**ЦЕНТАРОТ ЗА ХУМАНИ ОДНОСИ КРУШЕВО** преку менторски и други активности им помогнаа на 25 згрижувачки семејства со 39 штитеници да се вклучат во процесот на подобрување на условите преку едукативна работилница за нивните права за инклузија на локално ниво, како и подобрување на животот на лицата со потешкотии. Со помош на дефектолог, логопед и физиотерапевт им беше подобрена состојбата на 20 штитеници, а преку стручна поддршка и различни активности на 10 штитеници им беа подобрени моторичките вештини.

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

**ЕВРОТИНК** креира сеопфатна дигитална алатка која служи за едукација, набљудување и споделување знаење и информации поврзани со процесот на пристапување кон ЕУ. Според „Евротинк“, дигитализацијата нуди добра можност за подиректно вклучување на граѓанскиот сектор во надгледувањето на евроинтеграцискиот процес, но истовремено ги зајакнува и нивните севкупни капацитети. Преку повеќе обуки беа зајакнати капацитетите на ГО, новинари, студенти и на одлучувачи во врска со евроинтеграциите.

**ЕКОЛОШКОТО ДРУШТВО ЗДРАВЕЦ** ја користеше дигитализацијата за посочување 50 стари и изнемоштени лица во руралните средини во Македонска Каменица со што се овозможи поквалитетна грижа за овие лица. За овие 50 лица се обезбедени и навигациски (GPS) паметни нараквици со што се овозможува следење на нивното движење и здравствената состојба, а корисниците на едноставен начин можат да повикаат итна помош или да испратат гласовна порака.

**ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ** работеше на унапредување на најфреквентните електронски услуги кои институциите им ги нудат на граѓаните. ЦУП работеше и на поддршка на Комисијата за заштита од дискриминација преку изработка на стратешки документи, како што е нивната Годишна програма за 2022 година. ЦУП реализира и низа активности за зајакнување на женското претприемништво, но и на зајакнување на компетенциите на жените претприемачки.

**ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗНАЕЊЕ** се ангажира за надминување на јазот во дигиталните вештини на администрацијата. ЦУЗ направи сеопфатна анкета со вклучување на ЕЛС, министерства и други бројни државни институции на локално и на централно ниво и резултатите на тема е-администрација ги претстави на тркалезна маса со 21 претставници на клучни институции, граѓанскиот сектор и комори.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ИНОС ПРИЛЕП** ја адресира поврзаноста помеѓу вирусот корона и дигиталното општество, односно улогата на вирусот и карантинот врз забрзаниот развој на дигитализацијата во сферата на бизнисот, образованието, јавната администрација итн.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**БАЛКАНСКИОТ ИНСТИТУТ ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА** организира 6 каравани за подигање на свеста кај локалното население за заштита на природните вредности на Шар Планина како последна брана против еколошка катастрофа. Во текот на спроведувањето на проектот на БИРС, Шар Планина беше прогласена за национален парк, што беше и потврда за важноста на нејзина заштита. БИРС продуцира 5 документарни филмови за промоција на убавините на Шара, како и за предизвиците за нејзина заштита, со што се подигна свеста за важноста да се прекине уништувањето на нејзините природни богатства.

**ЕКОЛОШКОТО ДРУШТВО ВИЛА ЗОРА** креира расадник за зимзелени дрвја со околу 800 садници, кој во иднина ќе се користи како тренинг-центар за млади екоактивисти. Во исто време, во соработка со сите основни училишта во Велес, оваа организација организира бројни акции за собирање ПЕТ амбалажа и во период од 3 години собраа 5.000 кг пластика која се рециклира, а во исто време се подигна јавната свест за чиста животна средина. Вила Зора креира и стратегија за деконтаминација на почвата од тешки метали.

**ЦЕНТАРОТ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА ДЕБАР** создаде платформа наречена „CLEAN DEBAR“ и телефонска апликација „CLEAN DIBRA“, преку кои граѓаните пријавиле 50 проблеми поврзани со животната средина и урбаната хигиена. ЦОРЗ Дебар одржа 10 еколошки акции со учество на околу 150 граѓани, со што се зголемува свеста за заштита на животната средината, а беше организирана и дебата со 55 учесници од локалната власт, советници, студенти и други, со цел подобрување на управувањето со отпадот и за одржување на животната средина.

**БАЛКАН ЕКОНОМИК ФОРУМ**, во соработка со градинки, граѓански организации и локалната власт, иницира обука за заштита на природата преку вклучување деца од 4 градинки во општина Чаир, користејќи детски игри и анимирани филмови. Анимираниот видеоклип насловен „Што е животна средина и како да ја одржиме чиста“, содржи знаковен јазик со цел поголема инклузија на децата со оштетен слух.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЕКО ПРАВДА ВАЛАНДОВО**, ги следеше и анализираше климатските промени, како и информациите од Конференцијата на засегнатите страни COP25 со цел да се зголеми свеста за итноста за преземање мерки за заштита на природата и во нашата земја. Еко правда организира 8 работилници за зајакнување на капацитетите на ГО за следење и придонес за локалните климатски политики.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЧЕТВРТИОТ ЛИСТ** изработи документарен филм за загадувањето на реката Вардар од изворот Вруток, па сè до влевањето во Егејско Море, при што се покажа високиот степен на загаденост, вклучувајќи големи количини цврст отпад, но и разни хемикалии кои истекуваат од фабриките долж течението и многу други фактори кои водата на оваа река ја прават ризична за користење.

**МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКОТО ДРУШТВО, ТЕТОВО**, во соработка со нуркачкиот клуб Пена, организира акции за чистење на Дојранското Езеро, езерото Младост и Мавровското Езеро, како и на реката Пена и на езерото Матка. Тие организираа и конференција за Денот на водите со наслов „Заштита, контрола и унапредување на квалитетот на водите“.

**РЕГИОНАЛНИОТ ЗЕЛЕН ЦЕНТАР ОХРИД** организира 6 еколошки акции на кои учествуваа стотина волонтери и беа собрани 105 вреќи отпад, вклучувајќи стари телевизори, мебел, душеци и сл. Оваа организација постави 11 знаци со мотиви за заштита на животната средина, изработи еколошка мапа за дигитална промоција на поставените знаци и организира 4 едукативни средби со 70 млади лица.

**ФОНДАЦИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КУМАНОВО** организира 16 прелети со дрон од кои граѓаните можеа да се уверат во степенот на загадувањето и негрижа од страна на бизнисите, палења стрништа, депонии во близина на реки и сл. Оваа организација презема активности за отстранување на дивите депонии и обезбеди надзор за заштита од формирање нови и истовремено преку директни разговори влијаеше на подигање на свеста кај загадувачите.

**ЧЕЈНЏМЕЈКЕРС ГЕВГЕЛИЈА**, во соработка со општина Гевгелија, започна со селектирање на биоразградлив отпад во домаќинствата кој се преработува во висококвалитетно ѓубриво. На овој начин оваа организација помогна во намалување на транспортните трошоци на комуналното претпријатие и придонесе кон намалување на загадувањето.

**ЕКОЛОШКОТО ДРУШТВО ЗДРАВЕЦ 2002** изработи лабораториска анализа за загадувањето на Каменичка Река со цел да се избегне нејзиното загадување како што беше случај во 2020 кога од рудникот Саса се излеаја штетни метали. Како резултат на редовните мерења, „Здравец“ интервенира 30 пати до рудникот поради загадување со што се спречија нови катастрофи. Беше отворен и „Зелен телефон“ на кој граѓаните можат да пријават загадување на реката.

**КАБ Струга 2017** изврши дијагностицирање на состојбите околу Охридското Езеро и детектира 15 државни институции и други чинители, вклучувајќи ги градоначалниците на Охрид, на Струга и на Дебарца. Беа организирани 3 тркалезни маси со 58 учесници со цел надминување на еколошките проблеми околу Охридското Езеро.

**СВЕТЛА ИДНИНА КОЧАНИ** презеде акција за чистење дива депонија во Кочани која потоа се трансформира во место за рекреација. Оваа организација одржа две едукативни обуки за подигнување на свеста за заштита на животната средина во ромската заедница и во соработка со други чинители изготви еколошки акциски план кој беше доставен до општината.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ПЧЕЛА, КУМАНОВО**, тргнувајќи од важноста на пчелите во опрашувањето и нивната загрозеност поради негрижа за животната средина, организира садење на 227 садници. Со цел подигање на свеста за заштита на пчелите, беше изграден „Парк-пријател на пчелите“.

**ЕКО ЛОГИК** изгради „Вело полигон“ за деца кои немаат велосипедски вештини и со помош на овој полигон ќе добијат можност да се подготват на безбеден начин. Инаку „Вело полигон“ е достапен во повеќе од 147 основни училишта во 29 општини.

# ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ

**ФАЈНАНС ТИНК** ја анализира Програмата за работа на владата 2020-2024 преку следење на целите и резултатите со цел да се подигне свеста кај сите засегнати страни за важноста на реални и остварливи ветувања на политичките партии. „Фајнас тинк“ организира и економски форум на кој учествуваа креатори на политиките во земјата и во регионот, со присуство и на меѓународната заедница во земјава, јавни институции, експерти и ГО. Беа организирани и четири работилници со 55 учесници за зајакнување на вештините за економски анализи.

**МАКЕДОНИЈА 2025** го презентира Индексот на бирократија (ИБ) кој покажа дека РСМ има помало оптоварување во споредба со некои држави од ЕУ. За таа цел беа спроведени анализа на законската регулатива и интервјуа со претставници на претпријатија од различни сектори. Македонија 2025 ја развија анализата „Конечен патоказ за мерки и реформи за намалување на бирократскиот товар - по области на истражување“, кој содржи конкретни мерки за реформски активности во оваа област.

**СИГМА СТАТ СКОПЈЕ** спроведе анкета која покажа дека финансиската писменост на граѓаните е на релативно ниско ниво, споредено со земјите од регионот, земјите од ЕУ, како и земјите од ОЕЦД. Се одржаа 4 едукативни предавања со 353 учесници, се изработија 3 едукативни видеа и се изработи „Поимник“ со 120 финансиски термини, сѐ со цел подобрување на утврдената состојба со финансиската писменост.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК** воспостави соработка меѓу локалниот бизнис-сектор и техничките училишта во општина Прилеп со цел да им се помогне на младите до 29-годишна возраст полесно да се вклучат на пазарот на трудот. Покрај јавна дебата, беа организирани 2 работилници со над 50 ученици од петте средни училишта во оваа општина за зајакнување на нивните капацитети.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ИН ВИВО** им помогна на 11 бездомни лица од скопскиот регион кои добија втора шанса за економска независност преку обуки за производство „био хумус“. Како резултат на тоа, 7 од нив беа целосно обучени, додека 2 од нив беа прогласени за „јоди“ и им е дадена можност да станат дел од Здружението.

**МЛАДИНСКИ СОН, СТРУГА**, организира обуки, фокус-групи, како и отворени настани за граѓаните на Струга со цел нивно запознавање со работничките права во кои беа вклучени и работодавачи. Еден од наодите на оваа организација во поглед на работничките права беше дека тие се прекршувале и за време на ковид 19 во делот на непочитување на протоколите за заштита.

# ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

**ЗДРУЖЕНИЕТО ХОРТИ ЕКО, СТРУМИЦА**, им помогна на 40 земјоделци од Струмица, од Василево, од Босилово и од Ново Село да се стекнат со знаење за управување со земјоделски отпад и влијанието што тоа го има врз животната средина. Во функција на обуката беа набавени 5 компостери. На овој начин истовремено беше подигната свеста кај руралното население за зелената економија и корист од управувањето со земјоделскиот отпад во заштита на животната средина. Преку активностите на овој проект се зголеми бројот на заинтересирани фармери за компостирање во сопствените фарми.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ТЕТОВО** ја креира „Стратегијата за промовирање на можностите од одржливо собирање на медицински и ароматични растенија". Со оваа стратегија се воспостави комуникација со Националниот парк Маврово и со собирачите за поуспешна реализација на оваа активност. Во оваа соработка беше вклучена и локалната власт во Маврово и Ростуше и локалното население со што се отвораат нови можности за побрз локален економски развој.

**РУРАЛНА КОАЛИЦИЈА** го иницира креирањето на првиот женски е-пазар „Наша тезга", во кој беа обезбедени 130 тезги за жени претприемачи од руралните средини од целата земја. „Рурална коалиција", во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, учествуваше во подготовка на мерка за финансиска поддршка на жени носителки на земјоделски стопанства со која на овие жени им отвора можност да добијат грантови во висина од 3.000 евра.

**МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ - МАЗЗ** започна процес на зголемено учество на жени членки и управители на земјоделски задруги при креирање и донесување одлуки во МАЗЗ. Исто така МАЗЗ е активна во регионалната соработка на Западен Балкан со што се отвораат нови економски можности преку вмрежување и соработка. Заедно со МЗШВ, МАЗЗ учествуваше во работната група за изработка на предлог-законот за земјоделски задруги.

# ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

**ЗДРУЖЕНИЕТО ХАБ СКОПЈЕ** создаде прва „Crowdfunding“ платформа за граѓански организации eCrowd.mk. Платформата овозможува практични алатки за донирање со што се овозможува подобрување на донаторството во непрофитни цели. Преку оваа платформа се направени околу 1.000 донации за 58 ГО во висина од 1.000.000 денари со што се отвора патот за поголема независност на граѓанскиот сектор. Платформата можат да ја користат правни лица регистрирани според Законот на здруженија и фондации.

**ИНСТИТУТОТ РЕСИС** ја формира Мрежата од совети на публики (МСП) со која се поттикнува соработката меѓу ГО кои ги застапуваат правата на ранливите групи во доменот на медиумските политики и содржини. На Мрежата се приклучија над 50 ГО на локално ниво кои работат со различни ранливи групи на граѓани. Во соработка со АВМУ, РЕСИС работеше на студија за медиумската писменост кај возрасното население во земјата, за родовите прашања во програмите за деца, за анализа на онлајн рекламниот пазар и претставување на мажите и жените, и жените во спортските програми на националните телевизии.

**МЕДИА ПЛУС ШТИП** иницира соработка на 8 локални совети за превенција (ЛСП) во општините Штип, Свети Николе, Крива Паланка, Битола, Гостивар, Струга, Карпош и Гевгелија. Покрај одржувањето бројни состаноци и работилници со над 450 учесници, проектот реализира 8 новинарски прилози и исто толку текстови на веб-портали преку кои се промовираше работата на ЛСП во овие општини со цел да се подигне свеста за улогата на граѓаните во безбедност на нивните заедници.

**ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗИ – ЗМАИ** работеше на зголемување на истражувачките капацитети на 17 ГО за користење статистички, истражувачки методи и алатки во оцена и креирање на јавните политики. Учесниците добија обуки концентрирани во осум модули, а исто така добија и осум прирачници за секој модул и видеозаписи од обуките.

**СЛОБОДЕН СОФТВЕР МАКЕДОНИЈА** организира обуки за ГО во користење на пристап до отворени податоци во која учесниците стекнаа основно знаење потребно за објавување и користење отворени податоци. Во рамките на овој проект беше реализирана и медиумска кампања со која придобивките од овие обуки беа достапни за пошироката јавност.

**АРТ-МАНИЈА КУМАНОВО** го одбра уметничкиот израз преку краток филм насловен „Доба на неразум“, кој го изработија петмина млади од Струга. Филмот ги презентира чувствата и грижите на граѓаните на Струга, но тие содржат универзални пораки кои можат да се однесуваат на која било средина во нашата земја. Главните грижи на граѓаните се однесуваат на негрижата кон животната средина, особено кон Охридското Езеро. филмот беше прикажан два пати, а проекциите беа посетени од околу 70 граѓани кои по проекцијата учествуваа во јавна дискусија околу проблеми презентирани во филмот.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

WWW.CIVICAMOBILITAS.MK
WWW.FACEBOOK.COM/CIVICAMOBILITAS